МЦМС

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 99





МАКЕДОНСКИ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА

УПРАВЕН ОДБОР

Мирко Спироски, претседавач

Нуриje Кадриу

Зоран Костов

Мухамед Точи

Прота Драги Костадиновски

Зејнула ефенди Фазлиу

Пречесен Михаил Цеков

Иван Тулевски

Наташа Габер

Теута Крашница - Чучкова

ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА

Сашо Клековски - ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР

Павел Роман Пападимитров - РАКОВОДИТЕЛ

Луција Поповска - РАКОВОДИТЕЛ

Сунчица Саздовска - РАКОВОДИТЕЛ

Александар Бужаровски - РАКОВОДИТЕЛ

Гонце Јаковлеска - СОРАБОТНИК ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Крешник Ајдини - СОРАБОТНИК ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Тетјана Лазаревска - СОРАБОТНИК НА ПРОЕКТИ

Газменд Кадриу - СОРАБОТНИК НА ПРОЕКТИ

Димче Митрески - СОРАБОТНИК НА ПРОЕКТИ

Александар Кржаловски - СОРАБОТНИК НА ПРОЕКТИ

[наведените лица се дел од постариот персонал на МЦМС]

ПАРТНЕРИ ВО СТРАНСТВО

КОНЗОРЦИУМ ЗА МАКЕДОНИЈА

ICCO - *Меѓуцрковна организација за развојна соработка*, Холандија
DCA - *Данска црковна помош*, Данска
CORDAID - Холандија
CAID - *Христијанска помош*, Велика Британија
ED - *Европа деск*, Холандија
DIA - *Холандска меѓуцрковна помош*
HEKS - *Швајцарска меѓуцрковна помош*

ДРУГИ НЕВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

DW - *Diakonishes Werk, Германија*
NCA - *Норвешка црковна помош*
FCA - *Финска црковна помош*
CSA - *Шведска црковна помош*
DIAKONIE - *Австрија*
CARITAS - *Германија*

ВЛАДИНИ И МЕЃУВЛАДИНИ ОРГАНИЗАЦИИ

PHARE LIEN *програма*

PHARE PARTNERSHIP *програма*

ECHO - *Хуманитарна канцеларија на Европската комисија*

СОРАБОТНИЦИ

БАНКИ

ЗПП - Скопје
жиро-сметка бр. 40100-678-40440
Банка депонент
КОМЕРЦИЈАЛНА БАНКА
Кеј Димитар Влахов 4, 1000 Скопје
Тел. 091 112 077
МЦМС сметка бр. 5733

Адвокат:
Сашо Додевски
ДТЦ Мавровка, ламела Ц
кат 1, локал 6, 1000 Скопје
Тел/Факс: 091 114 706

Ревизор:
PRICEWATERHOUSECOOPERS
Палата „Македонија" IV спрат
М.Тито 12, кат 4, 1000 Скопје
Тел: 091/116-638
Факс: 091/116-525


МИСИЈА

МАКЕДОНСКИОТ ЦЕНТАР ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА (МЦМС) Е НЕВЛАДИНА И НЕПРОФИТНА ОРГАНИЗАЦИЈА ШТО РАБОТИ ВО ОБЛАСТА НА ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ, ГРАДЕЊЕ НА СВЕСТА И ОСНОВНА ПОМОШ ВО МАКЕДОНИЈА.

ЦЕЛТА НА МЦМС Е ПОДДРШКА И РАЗВОЈ НА ЛОКАЛНИТЕ И НАЦИОНАЛНИТЕ ИНИЦИЈАТИВИ ЗА УНАПРЕДУВАЊЕ НА ОДРЖЛИВИОТ РАЗВОЈ НА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ ВО МАКЕДОНИЈА.

ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ЦЕЛИТЕ И ЗАДАЧИТЕ, МЦМС ГИ МОБИЛИЗИРА И ОРГАНИЗИРА ЧОВЕЧКИТЕ РЕСУРСИ И МАТЕРИЈАЛНИТЕ СРЕДСТВА ВО ЗЕМЈАТА И ВО СТРАНСТВО.

МЦМС ЗА АКТИВНОСТИТЕ ОБЕЗБЕДУВА СРЕДСТВА ОД ПОВЕЌЕ АГЕНЦИИ НА СВЕТСКИОТ СОВЕТ НА ЦРКВИТЕ И ОД ВЛАДИНИ И МЕЃУНАРОДНИ ОРГАНИЗАЦИИ.



Поаѓајќи од генералната цел, МЦМС дефинира три долгорочни цели:

- Промоција на мирот
- Организирање на граѓанското општество и
- Помош на оние што имаат потреба за тоа

Активностите се спроведуваат низ шест сектори:

- Граѓанско општество и демократизација;
- Рурален развој;
- Водоснабдување и санитација;
- Здравство и образование и
- Вработување и генерирање приходи;
- Итна помош

Спроведувањето на активностите се одвива преку:

- Финансиска поддршка на развојни иницијативи/проекти со грантови
- Обука и совети
- Информации и
- Застапување и лобирање

МЦМС е презапишан во Регистарот на здруженија на граѓаните и фондации во Основниот суд Скопје 1, под регистарски број 492, со решение број 434/99 од 06.10.1999 година. Матичен број 4878256. Единствен даночен број 4030994180119.

ПОРАКА ОД РАКОВОДСТВОТО

Човечка катастрофа, страв, лутина, загриженост, предизвик, гордост. Така МЦМС го доживеа тоа што се случуваше во 1999 година, година на косовската криза и кризата во СР Југославија.

Човечка катастрофа - беше првото чувство што нè обзеде, пред сликите на Косовците прогонети од своите ограбени и запалени домови и пред сликите на сите жртви на оваа криза. Тоа резултираше со огромен број бегалци од кои само во Македонија, за два месеци, април и мај, најдоа прибежиште повеќе од 350.000 луѓе. Кризата во СР Југославија, покрај бегалската криза, предизвика и економска и политичка нестабилност во Македонија.

Во тие моменти се јави страв и загриженост од можниот прелив на војната во Македонија и лутина поради чувството дека повторно ни се случуваат истите трагедии и повторно сме оставени сами.

Овие чувства, како во земјата, така и во МЦМС, се развија во чувство на предизвик. Предизвик уште еднаш да го зачуваме мирот и стабилноста во нашата земја и со тоа да придонесеме за мирот и стабилноста на Балканот и уште еднаш да дадеме пример за помош на соседот во неволја. МЦМС оцени дека е клучно да го даде својот максимален придонес во овој предизвик и одлучи сите свои ресурси да ги насочи кон итните операции, под името „Прибежиште Македонија".



Мирко Спироски
ПРЕТСЕДАВАЧ

На крајот се чувствуваме горди. Горди како граѓани на Македонија, земја која помалку или повеќе, сепак, успешно ја надмина бегалската, економската и политичката криза и со тоа, по третпат, ја докажа својата жилавост и посветеност на мирот. Само за потсетување - Македонија по мирен пат се здоби со својата независност и успеа да ја зачува и покрај обидите таа да се задуши со ембарга и блокади и е првата поранешна југословенска република во која имаше мирен трансфер на власта по парламентарните избори во 1998 година.

Се чувствувавме горди и како членови на МЦМС, поради придонесот кој го даде оваа организација. МЦМС беше меѓу првите коишто им помагаа на бегалците на ничијата земја кај Блаце, поддржа два бегалски кампа (Радуша и Чегране), дистрибуираше храна и хигиенски продукти за 26.000 бегалци или околу 16% од бегалците сместени по семејства. Гледано низ статистики, МЦМС успеа да оствари портфолио од 83 проекти. Зголемувањето на буџетот во 1999, во однос на 1998 година, изнесува околу 24 пати. И во такви услови МЦМС успеа да спроведе дел од редовните активности и да започне три нови програми во Македонија: Поврзување на претпријатија Скопје-Солун (ПСС), Поддршка на микро и мали претпријатија (ПММП) и Јакнење на капацитетот на Женските НВО за здравствена едукација (ЈЖЗ).

Додадена вредност за општеството е на пример и заштитата на околината или големите локални набавки, како и остварувањето на девизен прилив во Македонија, соодветен на одредени позначајни извозни сектори, и тоа во услови на економска криза. Додадена вредност за МЦМС е огромното искуство стекнато во работата во кризни ситуации или подобриот капацитет и поставеност во општеството за активности за меѓукултурно разбирање и градење мир.

Сепак, клучната додадена вредност е зацврстувањето на соработката меѓу локалните НВО и граѓаните на Македонија, без разлика на нивната каква и да е припадност и определеност.




Сашо Клековски
ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР

МЦМС не застана тука. Одлучи да им помага на луѓето во Косово што имаат потреба за тоа.

Со тоа, МЦМС сака да придонесе во поттикнувањето мирољубиви и праведни решенија за постојните разлики во Косово и во регионот и на надежта дека тоа е возможно. МЦМС постојано ќе се залага и да го унапреди добрососедството, соработката и мирниот соживот меѓу луѓето кои живеат во Косово и во регионот.

За МЦМС, решенијата во Косово и во регионот се испреплетени и меѓусебно зависни. Поттикнувањето мирољубиви и праведни решенија во Косово ќе значи промоција на мирот и во регионот, и обратно.

Поаѓајќи од сопствената визија, МЦМС смета дека е потребно да искаже храброст и посветеност во надминувањето на поделбите и поттикнувањето на регионалната соработка.





8 ИТНА ПОМОШ

14 ЗДРАВСТВО И ОБРАЗОВАНИЕ



12 ВОДОСНАБДУВАЊЕ И САНИТАЦИЈА

16 ВРАБОТУВАЊЕ И ГЕНЕРИРАЊЕ ПРИХОДИ



17 ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО И ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА

21 ИНФОРМАЦИИ И ПУБЛИКАЦИИ



18 МЕЃУНАРОДНИ ПРОГРАМИ

25 ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ



ПРИБЕЖИШТЕ МАКЕДОНИЈА

Косовската криза резултираше со огромен бран бегалци во Македонија, Албанија и Црна Гора. Само во Македонија, за два месеца најдоа прибежиште повеќе од 350.000 луѓе. Бегалската криза се закануваше со економска и политичка нестабилност во Македонија. Македонскиот центар за меѓународна соработка, во согласност со својата генерална политика и стратегија, реагираше најбрзо што можеше, подготвувајќи го планот за итни операции Прибежиште Македонија и започнувајќи ја неговата реализација со доаѓањето на првиот бран бегалци.

МЦМС едноставно не можеше да остане рамнодушен и да продолжи со своите редовни активности. Сè беше запрено. Човечката трагедија што ги затекна Косовците го натера Центарот да ги запре сите редовни активности и целосно да им се посвети уште од самата граница.

Итна помош, Градење на јавната свест и Информации, се трите групи на кои се концентрираше МЦМС во планот за итни операции Прибежиште Македонија, кој почна да се реализира во почетокот на април 1999 година. Со планот беа опфатени косовските бегалци кои имаа потреба за помош, маргинализираните групи во земјата и јавноста.




Во спроведувањето на активностите, МЦМС се стремеше да се обезбедат повеќекратни добивки, односно секоја активност да има додадена вредност. Примерот со набавките на домашни производи за потребите на бегалците и социјалните случаи, како и поддршката на заедниците домаќини преку подобрување на локалната инфраструктура (водоснабдување и санитација) се добра илустрација за тоа. Еден од примерите е и решавањето на проблемот за заштита на изворот кај скопското село Рашче. Со трајното решавање на проблемот за заштита на водата за пиење за главниот град на Македонија, МЦМС и земјата добиваат долгорочна еколошка вредност.

МЦМС успеа да поттикне заедничка акција на локалните невладини организации, што беше двојна вредност. Локалните НВО беа најважниот канал за поддршка на бегалците. Благодарејќи на НВО, како што е примерот со Ел Хилал, беше обезбедено сместување за околу две третини од вкупниот број бегалци. Така, најважно беше воспоставувањето на НВО координацијата, за да се обезбеди помош за сите луѓе, без разлика на нивната етничка или верска припадност.

Во април 1999 година, МЦМС, како домаќин, започна НВО координација. Целта беше да се постигне подобар одговор на кризата. Еден покрај друг беа претставниците на Ел Хилал, Каритас Македонија, Сојузот на жената Албанка во Македонија, Здружението на жените Србинки во Македонија, ромската организација Месечина итн. Нешто што е толку нормално, НВО координацијата, во тој момент беше многу важно поради вклученоста на сите етнички и верски групи.





ИТНА ПОМОШ

ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ И БЕГАЛСКИ КАМПОВИ

МЦМС реагираше брзо на бегалскиот бран и беше присутен на граничните премини Блаце и Јажинце, но и во селата Малино и Танушевци, кои се наоѓаат во пограничната зона. Особено значајна беше реакцијата на граничниот премин Блаце, каде што МЦМС дистрибуираше 42 тона храна. Акцијата за дистрибуција на неутралната територија беше организирана преку организацијата Ел Хилал, но и со голема помош на локалното население. МЦМС ја координираше и материјалната помош на партнерските организации што пристигнуваше од нивните земји по воздушен и копнен сообраќај. Добиени се околу 250 тони различна материјална помош, а голем дел од помошта, околу 140 тони, е обезбеден од локалните добавувачи и производители. Покрај давањето итна помош на граничните премини, МЦМС дистрибуираше храна и во камповите Радуша и Чегране. Заедно со Ел Хилал, Републичкиот завод за здравствена заштита и бегалците беше организирано собирање на цврстиот отпад од ничијата зона кај Блаце и негово одвезување со железница.



Со одобрение на Министерството за труд и социјална политика и во согласност со Високиот комесаријат за бегалци на Обединетите нации, МЦМС го презеде раководството со бегалскиот камп кај селото Радуша. Претходеше поставувањето на примарната инфраструктура во кампот од страна на Министерството за урбанизам и градежништво и вселувањето на 2 април, но и негово оставање без раководна организација. МЦМС итно реагираше и откако го презеде раководењето на кампот, спроведе повеќе активности. Прво се заложи да ја подобри инфраструктурата што се состоеше од нивелирање и тампонирање на кампот и пристапниот пат, оспособување простор за паркирање, замена на несоодветните шатори, изградба на тоалети, комплетно водоснабдување, тушеви со топла вода, телефонски линии и организирање редовно отстранување на цврстиот отпад. Заедно со Бугарската армија, обезбедуваше храна. Ја координираше здравствената заштита со Здравствениот дом Карпош - Скопје, Бугарскиот медицински тим и Лекари без граници од Холандија.

Од почетокот на бегалската криза, МЦМС презеде низа активности за решавање на водоснабдувањето и санитацијата. Активностите се спроведуваа во соработка со тимот на Норвешката црковна помош. Тие започнаа на граничните премини Блаце и Јажинце, каде се изградија околу 80 тоалети.

Во камповите Радуша и Бојане беше конструиран целиот водоснабдителен и санитарен систем. МЦМС го изгради целиот санитарен систем, го организираше отстранувањето на тврдиот отпад и изградбата на дренажниот систем низ кампот кај Чегране.

Требаше да се придонесе во обезбедувањето прибежиште за бегалците во Македонија и да се зачува економската и политичката стабилност во земјата.



Со планот се предвидуваше подготвеност за релевантни и реални активности што треба да се спроведат во случај на негативен развој на ситуацијата и поддршка на потребите на бегалците згрижени во семејствата домаќини и во камповите.



БЕГАЛЦИ, СЕМЕЈСТВА ДОМАЌИНИ И СОЦИЈАЛНИ СЛУЧАИ

Ескалацијата на косовскиот конфликт на крајот на март 1999 година доведе до драматично зголемување на бројот на бегалците кои влегоа во Република Македонија. Тој број во еден момент достигна и 280.000. Се проценува дека 170.000 од нив беа сместени кај семејства домаќини, а останатите 110.000 во бегалските кампови. И пред почетокот на кризата, економската состојба на македонското семејство беше лоша, а со започнувањето на косовската криза, таа уште повеќе се влоши. Најголем дел од бегалците беа сместени во повеќечлени семејства, кои заедно со згрижените лица понекогаш достигнуваа неверојатна бројка од над 50 членови во едно семејство. На овие семејства им беше доведена во прашање понатамошната егзистенција. Поддршката на бегалците, семејствата домаќини и социјалните случаи се состоеше од доделување пакети храна и хигиенски производи.

Обезбедена е помош на околу 50.000 корисници месечно, од кои 26.000 бегалци и членови на семејства домаќини, вклучувајќи 2.000 бебиња, како и 24.000 социјално загрозени лица, за период од пет месеци, заклучно со септември. Помошта се состоеше од пакет со храна, семеен хигиенски пакет и пакет со храна, и хигиенски пакет за бебиња.

Во реализацијата беше вклучена 21 НВО, што вршеше идентификација и дистрибуција на помошта до крајните корисници во 17 различни региони во земјата. Дистрибуцијата на пакетите започна на 19 мај, а во петте месеци на проектот се дистрибуираа вкупно 2.495,94 тони храна, 299,4 тони хигиенски производи и 60 тони храна и хигиенски производи за бебиња.

Севкупните набавки беа од Македонија, а во најголем дел беа продукти „Произведено во Македонија", со што значително се поддржа локалната економија.

За поддршка на другите локални НВО коишто беа вклучени во помошта во текот на бегалската криза, МЦМС формира Фонд за мали проекти. Беа одобрени 18 локални иницијативи: материјална помош за бегалците, проекти за поттикнување на меѓуетничкиот дијалог, техничка помош и друго.

Покрај бегалците, околу 200 семејства домаќини од Скопје и Куманово беа поддржани со готовина како компензација за направените трошоци (струја, вода, греење), преку проектот „Готовина за засолниште", поддржан од HEKS и шведската Влада.

З А Е Д Н И Ц И - Д О М А Ќ И Н И

Најобемната операција по завршувањето на главниот бран на бегалската криза претставуваше подобрувањето на водоснабдувањето и санитацијата во селата што беа близу бегалските кампови и кои примија голем број бегалци. Причината за преземање ваков чекор е драстичното зголемување на популацијата во овие села, со што се наруши природната рамнотежа во водоснабдувањето. Од друга страна, количината на отпадните води се зголеми, загрозувајќи го изворот кај Рашче, од кој Скопје се снабдува со неопходната вода за пиење. Селата Радуша, Бојане и Рашче се лоцирани во првата заштитна зона на изворот Рашче, главен извор за снабдување на Скопје. Со преземените активности околу водоснабдувањето и канализацијата во овие села не се решава само нивниот проблем, туку се придонесува и во заштитата на водата за пиење за Скопје, односно за една третина од целокупната популација во Македонија.



САМАКОВА ЗГРИЖИ 56 БЕГАЛЦИ

Исмаил Самакова е веројатно рекордер по бројот на примени лица во својот дом. Според информациите добиени од Ел Хилал, косовската криза на Исмаил му донела 56 роднини. Од сите нив, 46 биле деца на возраст од 9 месеци до 18 години. Животот тука сигурно не бил комфорен. Секое семејство имало по една соба. Во старата и во новата недовршена куќа немало ниту вода ниту канализација. Единствената чешма за вода и полското ВЦ се наоѓале во дворот. Сепак, Исмаил не се жалеше. Тој велеше дека секојдневниот живот во неговиот дом добро се одвива и дека хуманитарците му обезбедуваат доволно храна за сите, иако за потребите на бебињата морал да купи додатна храна. Но, сите тие заедно живееле со надеж дека сѐ брзо ќе мине и дека ќе се вратат и ќе продолжат со својот живот од таму од каде што им застанал.

ГРАДЕЊЕ НА ЈАВНАТА СВЕСТ

Односот на поширокатa македонска јавност кон прифаќањето на бегалците од Косово беше една од мотивациите МЦМС да осмисли кампања за промоција на општите вредности, преку промоција на взаемното разбирање, мирот и стабилноста во цела Македонија. Мотото под кое се одвиваше кампањата за меѓуетничка и меѓукултурна толеранција, воопшто, беше „Цело е кога има сѐ".

Кампањата почна на 24 мај и допре теми од областа на толеранцијата, човечките вредности, разбирањето, солидарноста. Таа се состоеше од продукција и дистрибуција на видео и радиоспотови, постери за билборди, маици, календари и слично. Емитувањето на телевизиските и радиоспотовите заврши на 4 јули. На почетокот на јули беа организирани изложби, концерти, забава во Охрид и интернационален филмски фестивал, на кој беа прикажани 13 филмови со теми за етничка толеранција, промоција на позитивните вредности и мирот.



ИНФОРМАЦИИ

Специјалното издание на МЦМС, билтенот „Прибежиште Македонија", за првпат почна да се печати на 25.03.1999. Билтенот се печатеше на две страници и содржеше информации за безбедносната состојба во Македонија, за бегалците и за активностите што се спроведуваат. Во почетокот, односно во текот на април, се печатеше секој ден, освен во сабота и недела. Од мај до крајот на јули, се печатеше еднаш во два дена на 4 страници, а од август до крајот на септември, еднаш неделно. Во текот на спроведувањето на проектот беа подготвени вкупно 78 броја на македонски и на англиски јазик и беа доставувани до 109 корисници.

Беше креирана и веб-страница на интернет, каде што од 7. април почна редовно да се публикува билтенот „Прибежиште Македонија". Се воспостави и инфо-линија за поблиска соработка со другите невладини организации и како дополнителен извор на информации за билтенот.

Во овој план беа опфатени и поддршката на маргинализираните групи, јакнење на капацитетот на луѓето да ги одредат сопствените вредности и приоритети и да се организираат за акција во согласност со тие вредности и приоритети, како и придонес во промовирањето на националната стабилност и заштитата на бегалците преку совладување на зголемениот страв од меѓуетничките тензии кај македонската популација.



ВОДОСНАБДУВАЊЕ НА СЕЛАТА

Девет села во источна и централна Македонија добија водоводен систем, со што 5.319 жители сега имаат чиста вода за пиење во своите домови. Приоритет во изборот имаа селата во ридско-планинските предели, како и селата во кои се одгледуваат нискодоходовни земјоделски култури



Програмата "Водоснабдување на селата" предвидува создавање подобри услови за живот во селата, со подобрување на водоснабдителните системи.

Задачите на програмата се насочени кон стимулирање на селските иницијативи за подобрување на снабдувањето на луѓето со квалитетна вода за пиење, поддршка за реализација на грантови за обновување на



водоснабдувањето заедно со тоа што ќе го обезбедат селаните, локалните и националните власти и локалните претпријатија и стимулирање за основање локални здруженија за водоснабдување на селата.

Со програмата се опфатени жителите на селата во Македонија, со специфично фокусирање на регионите што имаат значителни проблеми со водоснабдувањето.

Според територијалната поделба на општините и според воспоставените критериуми на програмата за водоснабдување на селата, во 1999 година беа опфатени 59 општини од централниот и источниот дел од земјата. Во текот на годината, во 9 села, здрава вода за пиење добија 5.319 корисници. Приоритет имаа селата во ридско-планинските предели, како и селата во кои се одгледуваат нискодоходовни земјоделски култури, како што се пченицата и тутунот. Според националниот состав, најголемиот дел се Македонци со исламска вероисповест, па следуваат Македонци, Турци, Албанци и Срби.

Програмата за водоснадбување на селата во себе интегрира повеќе активности, како што се финансиската поддршка за изградба на водоснабдителни системи (планирани 18 гранта), обуката за водоснабдување (6 совети за селските заедници; тековни обуки во селски населби каде што МЦМС финансиски ја поддржа изградбата на водоводите); едукација и информирање (лифлет и прирачник за програмата); и застапување и лобирање. Последните две активности не се реализирани.

Во периодот од април до август, активностите беа стопирани заради целосното концентрирање на МЦМС на помагањето на косовските бегалци и на активностите во посткризниот период. Во втората половина на 1999 година со програмата се поддржани девет села или половина од планираните активности во делот на предвидените грантови. Од овие проекти, пет се комплетирани во 1999 година, а реализацијата на четирите други продолжи во 2000 година, кои треба да завршат до крајот на првата половина на 2000 година.

ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ

Поддржана е изградба на водоводи во форма на грантови во 9 села.

Со програмата за водоснабдување на селата во 1999 година, МЦМС изгради или реконструира 3 каптажи, 6 резервоари со 375 $м^3$ резервоарски простор и 13.430 м цевководи.

Вкупната вредност на 9-те одобрени проекти, без оперативните трошоци, изнесува 42.275.799 денари. МЦМС учествуваше со 13.036.145 денари, што претставуваат 41,44% од вкупната инвестиција. Крајната вредност од реализираните работи на програмата е повеќе од двапати поголема од директно вклучените средства на МЦМС. Овие средства МЦМС ги обезбеди од други донатори. Вкупната просечна инвестиција по жител изнесува 5.914 денари, а финансиското учество на МЦМС по жител изнесува 2.450 МКД.

ОД НЕДОВЕРБА, ДО ЧИСТА ВОДА ВО ДОМОТ

Иако Долгаец се наоѓа на само еден километар од соседното село Маргари, каде што МЦМС веќе имаше изградено водоснабдителен систем, и покрај нашите предлози да се приклучи на истиот, мештаните околу целиот зафат долго време гледаа со недоверба и се колебаа. Но, кога ги видоа резултатите од соседното село...

Неколкупати, работејќи на проектот за водоснабдување на село Маргари, остваривме средби и со мештаните од соседното село Долгаец, оддалечено на само еден километар. Бидејќи и Долгаец немаше водоснабдителен систем, помисливме дека е практично и сосема изводливо да се отпочне изградба на еден водоснабдителен систем наменет за двете села. Но, и покрај нашите совети, месното население, кое во најголем процент се состои од лица постари од 50 години, не можеше да сфати колку навистина му се нуди, гледајќи на сета работа со недоверба и одбивајќи да разговараат за тоа. МЦМС размислуваше да се повлече.

Долгаец е село што припаѓа на општината Долнени и е на 36 километри од градот Прилеп. Постојаните 40 семејства со 97 жители повремено ги надополнуваат уште 26 други семејства со 76 жители. Селото изгледа доста старо, со разрушени, напуштени, дотраени куќи. Знаејќи дека во селото живеат претежно стари лица, би помислиле дека Долгаец полека изумира. Можеби е и така.

Но, со покажувањето на резултатите од изградбата на водоводниот систем во Маргари, долгаечани полека се поколебуваа, па така тогаш до нас ќе допреа гласини како некој на шега, но некој и со крајна сериозност, ќе каже дека доколку нашиот Центар помогне со „толку и толку" пари, мештаните сами, со голи раце, ќе откопаат канал долг 2,5 километри и дека по непроодниот терен со своите магарења ќе го транспортираат секој неопходен дел наменет за објектите долж цевководот.

Откако МЦМС реши да го реализира проектот за водоснабдување и во селото Долгаец, резултатите од ветеното учество од мештаните, на шега или не, беа вчудовидувачки. „Старото" население на Долгаец за рекордно време ископа канал во должина од 2,5 километри и го однесе неопходниот материјал за изградба на објектите долж цевководот каде што машинеријата, поради непристапноста, не би била од никаква корист.



Недоверливите долгаечани, за рекордно време ископаа канал во должина од 2,5 километри и го однесоа неопходниот материјал за изградба на објектите долж цевководот каде што машинеријата, поради непристапноста, не би била од никаква корист

Волјата на овие луѓе им помогна да го заменат вековниот начин на снабдување со основната човекова потреба - да го заменат бунарот со современ систем за водоснабдување.

МЦМС во овој проект учествуваше со 1.380.000,00 денари, еден дел од предвидените трошоци презедоа други институции, а локалното население си го исполни „ветеното".



ОДРЖЛИВОСТ НА СИСТЕМИТЕ

Во деветте селски населби каде што МЦМС финасиски ја поддржа градбата на водоводите, беа спроведени тековни обуки за месните заедници за начинот на функционирање и одржување на водоснабдителните системи. Обуката се спроведе во периодот на идентификација, набљудување и контрола на проектите.

Целта на оваа обука е обезбедување соодветна организација и партиципација на селаните како основен услов за успех на проектите.

ОСНОВНО И ЗДРАВСТВЕНО ОБРАЗОВАНИЕ НА ГРУПИ ВО НЕПОВОЛНА И МАРГИНАЛИЗИРАНА ПОЛОЖБА

Поради војната во Косово и ангажирањето на МЦМС во бегалската криза, сите активности во програмата во текот на поголемиот дел од годината беа стопирани. Сепак, некои од нив делумно се остварија. Во 1999 година се одобрени четири проекти. Направени се вкупно 46 идентификации на барања од корисниците на програмата од кои 19 се одобрени, но нивното спроведување е пренесено во 2000 година.



Програмата за основно и здравствено образование предвидува подобрување на пристапот кон образованието на групите во неповолна и маргинилизирана положба, како и за подобрување на нивната самоувереност и самопомош во случаите на сиромаштија и невработеност.

Со оваа програма треба да се поттикнат можностите за давање приоритет на образовните потреби на групите во неповолна и маргинилизирана состојба, приспособени на потребите и јазикот на ученикот, фокусирани на човечките и граѓанските вредности, етиката и основните вештини.

Групи во неповолна и маргинализирана состојба на кои е фокусирана оваа програма се девојките и жените, децата и младинците, посебно во руралните и субурбаните подрачја, како и припаднички на верските и етничките малцинства. Како целна група во ова програма се опфатени и деца и младинци со посебни образовни потреби кои се припадници на етнички малцинства, деца и младинци со пречки, асоцијални и институционализирани деца и младинци, деца кои се откажале од образованието или кои се невработени, млади кои се жртви на зависностите од дрога и алкохол и болни од СИДА, како и жртви на сексуална експлоатација и проституција и бездомници и стари лица.

Еден од одобрените е проектот за здравствено образование за девојки, кој го спроведе Скопскиот огранок на Сојузот на организациите на жените во Македонија.

Одобрен е и проект за поттикнување на образованието во руралните подрачја во Гостивар. Проектот го спроведува Организацијата на жените Турчинки, а се однесува на градење свест кај жителите во селата за значењето и потребата од образование на женските деца и по завршување на основното училиште.

Одобрени се два од проектите за помош на хендикепирани лица. Едниот проект го спроведе Сојузот на глуви и наглуви на Република Македонија. Проектот предвидуваше подготовка и печатење речник-учебник за гестовен говор, кој е прв од ваков вид во Македонија.

Вториот проект го спроведува Заводот за рехабилитација на деца со оштетен вид. Таму е доделена финансиска помош за набавка на печатар за Браева азбука, со наменски средства обезбедени од фондацијата Жените на Европа.

ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

Организацијата на жените Турчинки во Македонија (ОЖТМ) организираше трибини во Гостивар за да го поттикне продолжувањето на образованието на младите етнички Турчинки и во средните училишта. На овие трибини присуствуваа ученици, но и нивните родители.

Работилницата помогна девојчињата отворено да зборуваат за своето образование и да ги изложуваат своите планови. „Да можам вака отворено да зборувам и дома и да бидам сослушана со почит како тука, тогаш ќе бев најсреќна во животот", рече една ученичка по завршувањето на трибината. Всушност, целта на работилницата беше младите Турчинки да можат отворено да го искажуваат своето мислење. За успешноста на овие трибини доволно говори и изјавата на една мајка: „Ако јас бев слепа и глува, не сакам и мојата ќерка да биде таква".



По трибината ОЖТМ организираше и неколку родителски средби во Гостивар како и во гостиварските села Здуње, Бањица и Врапчиште.

МАКЕДОНСКА РАЗВОЈНА ФОНДАЦИЈА ЗА ПРЕТПРИЈАТИЈА

Македонската развојна фондација за претпријатија поаѓа од довербата во целосни и еднакви права за секој човек, инспирирана од економските права на човекот и неговото право на работа.

МРФП ги поддржува можностите за самовработување и развој на малите бизниси за да се намали сиромаштијата, да се зголеми интеграцијата во пазарната економија и да се поттикнат хармонични односи во заедницата.

Во текот на 1999 година, Фондацијата, преку финансиски и нефинансиски услуги, како нејзини основни активности, започна да ја спроведува Програмата за микро и мали претпријатија.

За реализација на финансиските услуги, МРФП вклучи финансиски посредници, а за таа цел акредитираше банки и микрофинанскиски институции. Преку нив се реализираат одделните типови заеми наменети за индивидуалните земјоделци, како и за малите претпријатија и претприемачи од руралните подрачја во западниот и централниот дел на Македонија. За таа цел МРФП покани повеќе банки во земјата да учествуваат во Програмата за микро и мали претпријатија (ПММП). Критериумите за учествување како финансиски посредник во ПММП ги исполниja Алмако банка АД и Радобанк АД од Скопје, како и Х3 Можности, како микро финансиска институција.

МРФП требаше да ја започне својата активност, иако веќе се одвиваше војната во соседството, која доведе до негативни промени во социо-економскиот и политичкиот живот, како и во финансискиот систем во земјата. Исклучувањето на Алмако банка од платниот промет во земјата, потребата од акредитирање нов финансиски посредник, пролонгирањето на преговорите со банките, изборот на нов финансиски посредник (Тутунска банка АД Скопје), се причините што доведоа до одолжување на планираните активности.

МРФП изготви информативен пакет, кој е достапен во банките за сите заинтересирани барателите на заеми. Сите овие подготовки завршија во ноември 1999 година, од кога и барателите веќе можеа да се информираат за целата процедура и да ги подготвуваат барањата за заем. Веќе во декември беа доставени првите барања и се исплатија првите заеми од страна на Радобанк АД и Х3 Можности.

МРФП спроведе активности и во делот за „Техничка помош на финансиски посредници и микрофинансиска институција". Беше исплатена првата транша од предвидената финансиска поддршка за градење капацитет на Тутунска банка и Радобанк, како и првата транша од грантот за поддршка на канцеларијата на „Можности" во западниот дел на Македонија.

МЦМС започна активности за постигнување поголемо влијание во однос на вработувањето и остварувањето приходи.

За поефикасно реализирање на оваа цел, МЦМС ја основа Македонската развојна фондација за претпријатија (МРФП).

ПРВИОТ ЗАЕМ - ЗА НОВИ ТРАКТОРИ

Од балконот на едноспратната градба среде четириесетте хектари нива, Томе Цветановски, директор на земјоделското претпријатие Магнаком, ни го опишуваше процесот на производство. На околу двесте метри десно од нас неколку работници товареа еден трактор со ѓубриво. Тоа е еден од новите трактори што Цветановски го купил со заемот од 100 илјади германски марки. Заемот е од Програмата за микро и мали претпријатија од типот 2, кој е наменет за мали претпријатија. Магнаком заемот го доби преку АД Радобанк. Заемот е доделен за купување два трактора и додатна опрема за обработка на земјиштето. Имавме можност да го видиме и мултифрејзерот кој беше купен со средствата од овој заем. На земјиштето меѓу скопските села Долно Коњаре и Средно Коњаре, Магнаком главно произведува пиперки, марули, бабури и лубеници. Половина од производите се продаваат на домашни фабрики за конзервирање, а половина се извезуваат. Дел од производството се реализира во оранжерии, а дел на отворено покриено со пластеници.





ПОВРЗУВАЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЈАТА СКОПЈЕ - СОЛУН

МЦМС и Грчко-германската комора за трговија и индустрија ја изготвија заедничката програма Поврзување на претпријатијата Скопје-Солун. За реализација на оваа програма беше формиран Центарот за деловна поддршка - Скопје, во рамките на МЦМС.

Програмата е реализирана преку PHARE програмата, со која им се помага на земјите од централна Европа да се вклучат во главните текови на европскиот развој, преку идното членство во Европската Унија.

Програмата Поврзување на претпријатијата Скопје-Солун промовира тристрана соработка меѓу малите и средните претпријатија од Грција, Германија и Македонија, преку поврзување на претпријатијата на спомнатите земји и подобрување на одржливиот раст на секторот за мали и средни претпријатија во Македонија.

Со програмата Поврзување на претпријатијата Скопје-Солун се обезбедува широк опсег на обука за бизнис-вештини и соодветни информации на постојните и перспективни сопственици на малите и средните претпријатија во Македонија. ЦДП им помага на локалните мали и средни претпријатија со бизнис совети и со



совети за менаџмент. Центарот го поддржува основањето на грчко-германско-македонски заеднички вложувања и обезбедува техничка помош според стандардите воспоставени од Европската Унија.

Центарот создаде база на податоци на околу 200 осигурителни компании, банки, консултантски бироа, маркетинг агенции, економски комори, странски фондации, рекламни агенции, претставништва и општини. Креирана е и база на податоци со околу 600 мали и средни претпријатија.

Во текот на 1999 година до ЦДП се пристигнати 46 барања за поврзување на претпријатијата. Од пристигнатите барања, 12 се од македонски претпријатија, 6 се од грчки и 28 од германски претпријатија. Барањата се однесуваат на воспоставување деловни контакти, наоѓање застапници, истражување на пазарот и слично. На сите барања е одговорено во согласност со востановената процедура.

Во рамките на програмата, десет претпријатија од Македонија имаа можност да учествуваат на саемот „HEIM UND HANDWERK", што се одржа во Минхен од 27 ноември до 5 декември 1999 година. На овој саем беа изложени предмети од домувањето, односно мебел, ќилими, елементи за декорација, народни ракотворби, музички инструменти, опрема за покуќнина, елементи за бањи (санитарија), градежни материјали, опрема за градини и други слични материјали.

Центарот учествуваше и на меѓународната манифестација БИРЕ 1999, која во организација International Trade & Exibition од Англија се одржа на Скопскиот саем во периодот од 7 до 10 декември 1999 година. ЦДС на саемот беше присутен со свој информативен пулт на кој можеа да се добијат информации и публикации за сите негови активности.

Во текот на 1999 година, како дел од програмските активности, беа организирани три деловни средби, во соработка со Грчко-германската комора за индустрија и трговија.

Македонско-германската деловна средба се одржа на 16 септември 1999 година, во хотелот Континентал во Скопје, на која учествуваа претставници на 47 германски и 110 македонски претпријатија од различни стопански гранки.

Втората Македонско-германска деловна средба се одржа на 3 и 4 ноември 1999 во хотелот Континентал во Скопје, а на неа учествуваа 25 германски и 125 македонски претпријатија. И овој пат учествуваа претставници од широк дијапазон на дејности, кои во меѓусебните непосредни преговори имаа можност за склучување конкретни деловни зделки.

Во соработка со грчкиот партнер се организираше првата Македонско-грчка деловна средба, која се одржа на 17 септември 1999, во хотелот Континентал, со учество на 28 фирми од Грција и 95 од Македонија. Средбата беше организирана во форма на берза на мали и средни претпријатија, со закажани меѓусебни одделни средби меѓу стопанствениците, а во согласност со нивното поле на интерес.

ЈАКНЕЊЕ НА НЕВЛАДИНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Програмата Јакнење на невладините организации треба да го поттикне развојот на демократското и граѓанското општество во Македонија, за да се подобри институционалниот и организацискиот капацитет на невладините организации во земјата. Со неа се опфатени корисниците на услуги на невладините организации во земјата, со фокус на жените, етничките малцинства, хендикепираните и младите.

ЗАКОН ЗА ЗДРУЖЕНИЈА НА ГРАЃАНИ И ФОНДАЦИИ

Кон крајот на 1998 година, македонскиот Парламент го усвои Законот за здруженија на граѓани и фондации. МЦМС активно учествуваше при неговото донесување. Беше подготвен прирачник со коментари на Законот за здруженија на граѓани и фондации во тираж од 1000 примероци. Во рамките на овој проект, на 18 до 20 ноември, во Маврово беше одржан семинар под наслов "Примена на Законот за здруженија на граѓани и фондации", на кој учествуваа судии од основните судови, од Врховниот суд и претставници на Здружението на судии.

На 30 декември 1999 МЦМС започна серија јавни трибини под наслов "Примена на Законот за здруженија на граѓани и фондации" со учество на претставници од невладини организации.

ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА ВО МАКЕДОНИЈА

МЦМС во текот на 1999 го заврши спроведувањето на проектот "Човековите права во Македонија". Во рамките на проектот, Хелсиншкиот комитет за човекови права (ХКЧП) издаде билтен и годишен извештај за човекови права. ХКЧП беше помогнат и со техничка опрема.

Хуманитарното добротворно здружение на Ромите "Месечина" во Тетово, Гостивар, Кичево, Штип, Дебар, Куманово, Скопје, Делчево, Прилеп и Берово одржа едукативни работилници за човекови права на тема "Полицијата и човековите права во Република Македонија".



ЈАКНЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТИТЕ НА ЖЕНСКИТЕ НВО ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЕДУКАЦИЈА

Оваа програма е заеднички проект на Македонскиот центар за меѓународна соработка и Christian Aid од Лондон, а е финансирана од PHARE LIEN програмата. Во нејзини рамки беа формирани осум ресурсни центри што ќе овозможат креирање бази на податоци од областа на родовите односи (полова сензитивност) и здравствено образование, вклучувајќи ја положбата на жената во сите сфери од општественото живеење.

Програмата предвидува и создавање обучени хумани ресурси кои во иднина ќе бидат во можност да лобираат и спроведуваат активности од областа на односите меѓу половите, а посебно од областа на здравствената едукација на жената.

Програмата ги опфаќа жените, со посебен акцент на жените од руралните подрачја, младите жени и претставничките на етничките малцинства.

Невладиниот сектор во Македонија се соочува со недостаток на стратегија и организациски капацитет, но со неразвиен амбиент за дејствување. Финансиската непокриеност е дополнителен проблем. Оваа ситуација го мотивира МЦМС да започне со програмата Јакнење на невладините организации.

Програмата Јакнење капацитетите на женските невладини организации за здравств едукација треба да даде придонес кон институционалното јакнење и одржливо на женските НВО и п истекот на двете го предвидени за реал зација на програмат



ОБНОВУВАЊЕ НА ЖИВОТОТ ВО КОСОВО

Заедно со бегалците, и МЦМС во јуни влезе во Косово, отворајќи канцеларија во Ѓаковица. МЦМС е активна во речиси сите области за нормализација на животот во Косово. Во програмата Обновување на животот во Косово се опфатени пошироките области на градовите Ѓаковица, Призрен и Драгаш. Кон крајот на декември, ја следевме акцијата на МЦМС при испораката на монтажни куќи, што треба да послужат за презимување на семејствата чии куќи се разурнати.

Документот „Обнова на животот во Косово" предвидува поттикнување мирољубиви и праведни решенија за постојните разлики и унапредување на добрососедството, соработката и мирниот соживот меѓу сите луѓе кои живеат во Косово и во регионот. Со програмата се поддржуваа заедниците во обновувањето на животот во Косово, со цел повторно да им се овозможи да создадат живеалишта и да го обноват животот со употреба на сите достапни механизми на самопомош. Со програмата се предвидува и обнова на инфраструктурата, обезбедување храна, поддршка на земјоделието, иницирање на создавање основа за генерирање приходи и поддршка на невладините компоненти. Активностите се спроведуваа од јули до декември 1999, а за таа цел МЦМС отвори локална канцеларија и магацин во Ѓаковица, со персонал од 20 лица.

МЦМС во оваа програма ги опфати бегалците кои се враќаа во своите домови, интерно раселените лица, малцинските групи, и посебно ранливите групи. Со планот се покриваше југозападниот дел на Косово, или 43 села од општините Ѓаковица, Ораховац, Призрен, Драгаш и градските подрачја на Ѓаковица и Ораховац. Одредени операции, како што се развојот на граѓанското општество и поддршката на медиумите, се одвиваат низ целата територија на Косово. Помошта беше наменета за 7,820 семејства или околу 48,700 корисници. Според националниот состав, поголемиот дел од нив, или околу 64 отсто се Албанци, а припадниците на малцинствата, главно Горани во општината Драгаш, учествуваа со околу 35 отсто од вкупниот број помогнати корисници.

Хуманитарната трагедија што се случи во овој период (илјадници настрадани лица, 800.000 бегалци, 100.000 разурнати домови) беше причината МЦМС да се вклучи во хуманитарниот одговор на меѓународната заедница, заедно со четири други организации од Акција на црквите заедно. Планот беше формулиран во програмскиот документ Обновување на животот во Косово.



ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ЖИВЕАЛИШТА

Една од најголемите активности на МЦМС во Косово беше обезбедувањето живеалишта за бегалците кои се враќаа во своите домови. Ова се состоеше од три вида помош: привремени засолништа, реконструкција на куќите и обезбедување монтажни куќи.

Во првиот период по враќањето на бегалците, МЦМС за 171 семејство обезбеди помош во шатори, кревети, душеци, чаршави и ќебиња. Оваа помош беше обезбедена од материјалната помош која Акција на црквите заедно (Action by Churches Together - ACT) ја однесе во Албанија, но остана неискористена заради враќањето на бегалците во Косово.

Најобемна беше активноста за реконструкција на куќите. МЦМС селектираше 160 семејства за помош кои живееја во 151 куќа, во 11 села и во градското подрачје на Ѓаковица. Селекцијата беше правена во соработка со селските одбори, а за случаите на општините Драгаш и Ѓаковица во консултација со општините. За секоја куќа, тимот составен од архитект



и градежен инженер, изготвуваше посебен елаборат со детален опис на потребните материјали за реконструкција. МЦМС за овие куќи, или за оспособување на две соби, кујна и купатило, обезбеди покрив со керамиди, термо и хидро изолација, ѕидарски работи по потреба, електрика, санитарија, ќерамичарски и молеро-фарбарски работи. Семејствата беа поддржани и финансиски, со учество на МЦМС од 30 отсто во надоместот за квалификуваната работна сила, а за најранливите семејства (самохрани мајки, кои не можеа сами да ја организираат реконструкцијата) МЦМС обезбеди помош во квалификувана работна сила од холандскиот контингент на КФОР.

За згрижување на семејствата чии куќи беа класифицирани во категорија 5 (куќи што не можат да се реконструираат), МЦМС во соработка со другите АСТ партнери во Косово, обезбеди 136 монтажни куќи што беа испорачни и монтирани пред доаѓањето на зимата.

ОПШТЕСТВЕНИ АКТИВНОСТИ

Во рамките на својот интегриран пристап за помош на заедниците, МЦМС презеде комплементарни активности, со цел семејствата со човечки и со големи материјални загуби да се вклучат во општествениот живот на заедницата.

Беа спроведени неколку различни активности. Во седумте села во регионот на Ѓаковица, Ораховац и Призрен беа обезбедени пакети со волница и игли за плетење за 1.500 семејства. Пакетот беше доволен за сет од 5 џемпери, капи, шалови, чорапи и ракавици. Семејствата од градот треба да вратат по еден исплетен сет, кој потоа ќе се подари на деца во социјалните институции. МЦМС изгради шест детски игралишта и го обнови зеленилото во Ѓаковица. Со помош на локалната НВО „Ние сме со Вас" беа засадени 1.200 садници во централниот дел на Ѓаковица. Во активноста, покрај членовите на локалната НВО и припадници на Косовскиот одбранбен корпус, беа вклучени и многу волонтери.

ОБЕЗБЕДУВАЊЕ ХРАНА

Активностите од овој сектор се состоеја од дистрибуција на храна и помош во земјоделието.

Со дистрибуцијата на храна беа опфатени сите 43 села во кои МЦМС работеше, како и градските области на Ѓаковица и Ораховац. Во периодот август-октомври, беа правени месечни дистрибуции на пакети со храна и со хигиенски продукти во седум села од регионот на Ѓаковица, Ораховац и Призрен, од залихите на АСТ што беа донесени од Албанија. Во ноември и декември, за истите села се организираше дистрибуција од Македонија, додека за сите села од регионот на Драгаш беа подготвени „зимски" пакети и се изврши еднократна дистрибуција на помошта. Помош во храна добија вкупно 7,820 семејства.



Поддршката во земјоделието беше обезбедена на неколку начини. Осумстотини и педесет семејства добија по шест кокошки несилки и концентрат за нивната исхрана. Поправени беа 45 трактори во селото Пастасел и во Драгаш, со што се овозможи обработка на земјоделските површини уште во 1999 година, се обезбедија 300 сета земјоделски алатки, беа дистрибиурани 170 тона сточна храна за седумте села во Ѓаковица, Ораховац и Призрен и во четири села во Драгаш. МЦМС го потпомогна и рестартирањето на производството во млекарата Голај во селото Шеремет. Млекарата, засега, е единствената во регионот на Ѓаковица.

ГЕНЕРИРАЊЕ ПРИХОДИ

Во овој дел беше поддржана фабриката за производство на цигли ИМН од Ѓаковица, која вработува 220 лица. Производството во оваа фабрика беше обновено во текот на ноември, а помошта што МЦМС ја обезбеди ќе биде исплатена во производи што ќе се употребат во градбата на куќи во текот на 2000 година.

МЦМС идентификуваше потреба за обнова на два објекта во областа во која работи: амбуланта во селото Јабланица - Ѓаковица, и објект за месната заедница во селото Сеноц - Ораховац. Беше одлучено овие објекти да бидат обновени со монтажни елементи од џврста градба. Во 1999 е постигнат договор со добавувач од Македонија, а монтажата, заради временските услови, е оставена за напролет.





МЦМС поддржа три медиуми во 1999 година. Со техничка опрема, што се состоеше од компјутери, бироа, возила, беше поддржан неделникот "Zëri". Два локални магазина во Ѓаковица, "Demokracia" и "Ardhmëria", беа поддржани со финансиска поддршка за печатење на по три броја.



РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО И ДЕМОКРАТИЗАЦИЈА

Искуството и знаењата на персоналот од Скопје беа употребени за анимирање на локалните групи за самоорганизирање и дејствување. Беше остварена соработка со шест локални невладини организации од Ѓаковица, како и со Општината Ѓаковица. Поддршката беше фокусирана на јакнење на капацитетот на организациите со техничка помош - компјутери, печатари, фотокопири. Помошта беше наменета за Општина Ѓаковица, Здружението на жените, Ние сме со Вас, Форумот за демократски иницијативи, Одборот за заштита на човековите права и Унијата на студентите на педагошката академија.

РЕЗЕРВНИ АКТИВНОСТИ

Бидејќи враќањето на бегалците беше многу поинтензивно од очекуваното, МЦМС, во случај да се јави потреба, остави простор за резервни активности. Во тие рамки беше поддржана иницијативата за обезбедување мазут и резервни делови за функционирање на топланата во Ѓаковица. МЦМС обезбеди шпорети за 200 семејства чиишто разурнати куќи беа реконструирани или кои добија нови монтажни куќи.

ИЗГРАДБА НА ЦЕЛОСНО УНИШТЕНОТО СЕЛО

Шефќет Брахимај е агроном, директор на земјоделската задруга на неговото село. Ако не ви каже некој дека има 50 години ќе се восхитувате на подвижноста на „барем 70 години стариот" Шефќет. Комбинацијата од лице полно со брчки и силното и подвижно тело ќе ви стане логична откако ќе дознаете дека неговото село речиси седум години било во судир со српските сили. Неполни седум години ниту српските власти смееле да влезат во него, ниту селаните смееле да излезат од него.

Шќипоња (Орел), како што сега го викаат, или Јабланица, како што го викаа до доаѓањето на мирот, е ѓаковичко село со 131 куќа, со околу илјада жители. Во март 1997 година било жестоко гранатирано. Селаните останале во него до крајот на војната, иако при овој напад нивните куќи, до една, биле оштетени - 119 се сметаат за градби од трета и четврта категорија, што значи дека им останале само ѕидовите, а на некои и делови од покривите, а 12 се од петта категорија, што значи дека се невселливи и непоправливи.



Градежните работи беа причината зошто тоа декемвриско утро се упативме кон ова село. Со нас беше и инженерот од Албанија, кој требаше да организира демонстрирање на подигање монтажна куќа пред селаните, кои подоцна сами би ги монтирале. Монтажните куќи се со површина од 18 метри квадратни.

Се упативме кон куќата на Шефќет. Во дворот стоеше старецот со неколку други селани, а меѓу нив и еден член на Косовскиот заштитен корпус (КЗК). Кратко по нашето пристигнување, униформираниот се поздрави со Шефќет со зборовите „се договоривме".

Инженерот Пиро веднаш се изгуби зад ѕидовите на едната од двете разрушени куќи во дворот. Оттаму се слушаа удари на чекан. Но, неколку момчиња предвреме веќе беа започнале со монтирањето на монтажната куќа наменета за семејството на братот на Шефќет. За среќа, Пиро пристигна навреме за да ги отстрани грешките што тие ги направиле при работата и да им помогне да го довршат монтирањето.

Подоцна дознавме што значеше она „се договоривме" при разделбата. Неколку дена подоцна, два автобуса со припадници на КЗК пристигнале во селото и за два дена, заедно со селаните, ги подигнале монтажните куќи.

Бидејќи и училиштето беше уништено, а децата учеа под шатор, пет од монтажните куќи сега ќе се користат како училиште, додека да се реконструира старата училишна зграда.

Шќипоња, или Јабланица, ја оставивме зад себе, движејќи се низ друг пат, сега низ планините, пат преполн со разновидни чаури, останати да сведочат за времето на уривањето, за времето на лудилото.

ИНФОРМАЦИИ И ПУБЛИКАЦИИ

МЦМС БИЛТЕН

Билтенот, кој излегува како двомесечник, ги покрива информациите за завршените и тековните активности на МЦМС. Во текот на 1999 објавени се 5 од планираните 6 билтени, со тоа што едниот од нив излезе како двоброј. Предвидените изданија за март-април и мај-јуни беа издадени во едно издание, како двоброј, на осум страници. Редовните изданија се на шест страници. Тоа дојде како резултат на активирањето на „Планот за итни операции", со што беа запрени редовните програми на Центарот. МЦМС билтенот на македонски јазик се печатеше во 1.000 примероци, додека истото издание на англиски јазик се печатеше во 250 примероци.

МЦМС ПРИЛОГ (MCIC REVIEW)

МЦМС прилогот кој обработува информации од политичкиот и социо-економскиот живот во Македонија и во нејзините соседни земји беше издаден во 5 од планираните 6 изданија, од истите причини како и во случајот со билтенот.

Прилогот во 200 примероци излегува исклучиво на англиски јазик, затоа што е наменет за странски невладини и владини структури.



Програмата за информации и публикации овозможува подобрување на информирањето за ситуацијата, условите и предизвиците пред кои стојат невладините организации. Социо-економската и политичката ситуација во Македонија, во соседството или во други земји, исто така се области кои ги обработува одделението за информации и публикации.

ИЗВЕШТАИ

Направен е еден Извештај за политичката и социо-економската состојба во Македонија, за периодот од април 1998 до мај 1999 година. Извештајот е направен за потребите на донаторите и е презентиран на втората средба на работната група на Конзорциумот за Македонија во мај 1999 година.

Годишниот извештај за 1998 година, наменет за јавноста, беше издаден со задоцнување од неколку месеци од истите причини - приоритетните активности кои произлегоа од Планот за итни операции „Прибежиште Македонија".

КОНТАКТИ СО МЕДИУМИТЕ

Контактите со медиумите во првите шест месеци од годината беа поинтензивни, а тоа се должи на вонредните активности кои произлегоа од Планот за итни операции. Во текот на спроведувањето на Планот беа остварени вкупно 56 настапи во домашните и странските медиуми, од кои 39 во електоронските медиуми, а 17 во печатените медиуми. МЦМС, во врска со активностите што ги спроведе во текот на бегалската криза, организираше 4 прес-конференции.



УПРАВЕН ОДБОР

1. **Мирко Спироски,** *претседавач*
доктор на медицински науки,
професор на Медицинскиот факултет
2. **Нуриje Кадриу (САЖМ)**
наставник, претставник на огранокот на Сојузот на албанската жена на Македонија во Скопје
3. **Зоран Костов (МСМ)**
новинар и главен и одговорен уредник на весникот „Студентски збор"
4. **Мухамед Точи (Месечина)**
невработен, член во претседателството на ХДЗР „Месечина"
5. **Прота Драги Костадиновски (МПЦ)**
старешина на Соборната црква „Св. Климент Охридски"- Скопје и генерален секретар на „Милосрдие", агенција на Македонската православна црква
6. **Зејнула ефенди Фазлиу (ИВЗ)**
референт во Мешихатот
на Исламската верска заедница
7. **Пречесен Михаил Цеков (ЕМЦ)**
свештеник на Евангелско -
методистичката црква во Струмица
8. **Иван Тулевски**
невропсихијатар, шеф на Центарот за превентива и лекување на болестите на зависности
9. **Наташа Габер**
доктор на политички науки, истражувач во Универзитетскиот центар за меѓуетнички односи
10. **Теута Крашница-Чучкова**
уредник - коментатор во Македонското радио, мировен активист

ЧЛЕНОВИ НА СОВЕТОТ

1. Мирко Спироски
2. Нуриje Кадриу
3. Муќерем Руси
4. Зоран Костов
5. Анета Андонова
6. Точи Мухамед
7. Арифи Сељам
8. Рамадан Сејфулов
9. Ќани Рамадан
10. Абдурауф Пруси
11. Бехиудин Шехапи
12. Андон Марковски
13. Вите Исјановски
14. Биљана Стевановска
15. Свето Стефановски
16. Васка Калинска
17. Савка Тодоровска
18. Јорданка Куситасевска
19. Надежда Герасимова
20. Мето Јовановски
21. Хатиџе Исљами
22. Митко Кржовски
23. Сашо Стрезоски

ОРГАНИЗАЦИИ СО СОВЕТОДАВЕН СТАТУС

1. Хуманитарно и добротворно здружение на Ромите „Месечина" (Месечина)
2. Хуманитарна организација „Ел Хилал" (Ел Хилал)
3. Хелсиншки комитет за човекови права (ХКЧП)
4. Движење на екологистите на Македонија (ДЕМ)
5. Младински совет на Македонија (МСМ)
6. Сојуз на студентите при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" (ССУКМ)
7. Организација на жените на Македонија (ОЖМ)
8. Сојуз на организациите на жените во РМ (СОЖМ)
9. Сојуз на албанската жена во Македонија (САЖМ)
10. Сојуз на пензионерите на Македонија (СПМ)

1. Хуманитарна организација „Хомос" (Хомос)
2. Еманципација, солидарност и еднаквост (ЕСЕ)
3. Ромска организација на жени на Македонија „Даја" (РОЖМ)
4. Прва детска амбасада во светот „Меѓаши" (Меѓаши)
5. Хуманитарно добротворно здружение на Ромите „Пхурт" (Пхурт)
6. Организација на жени „Хоризонт" (Хоризонт)
7. Еколошко друштво „Злетовица" (Злетовица)
8. Еколошко друштво „Изгрев" (Изгрев)
9. Еколошко друштво „Виножито" (Виножито)
10. Здружение на самохрани мајки (ЗСМШ)
11. Сојуз на слепите во РМ (ССРМ)
12. Организација на ромска младина „Англунипе" (Англунипе)

Извршен директор
Сашо Клековски

ГРУПА ЗА РАЗВОЈ
Роман Пападимитров
Димче Митрески
Мирјана Фотевска-Елефтиријадис
Љупчо Кочовски*
Ацо Кочовски

ГРУПА ЗА ИТНА ПОМОШ
Александар Ќурчиев
Владимир Лазовски
Данило Митов
Елисавета Бејкова
Гоце Солев
Горан Велкоски
Салих Алили
Синиша Стојкоски
Алберт Хани*
Џингис Хани*
Жаклина Гуравчевиќ*
Едмира Жаку*
Нора Абази*

ГРУПА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ
Тетјана Лазаревска
Газменд Кадриу
Јоана Јосифовска
Васил Миновски
Емина Махмутовиќ
Хамси Бехлули
Лара Крстева-Ичоќаева

ГРУПА ЗА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО
Луција Поповска*
Сунчица Саздовска
Горан Булдиоски*
Лилјана Алчева-Јовановска
Валентина Чичева
Фатмир Битиќи
Флорент Бајрами
Неда Малеска-Сачмароска
Калин Бабушку
Александра Црцарева*
Кристина Хаџивасилева*

ГРУПА ЗА ИНФОРМАЦИИ
Гонце Јаковлеска
Крешник Ајдини
Даниел Медароски
Јане Стефанов
Дарко Димитровски
Анета Трајковска
Сузан Шакир
Наташа Урдаревиќ*
Тони Гицев*
Никола Стојаноски*
Мимоза Абдула*

ГРУПА ЗА МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА
Александар Кржаловски
Никола Икономов
Љупчо Тошев
Марјан Димитров

АДМИНИСТРАТИВНА ГРУПА
Александар Бужаровски
Милка Божиновска-Миова
Александар Стамболиев
Мирјана Куновска
Весна Богдановска

** - го напуштиле МЦМС во текот на 1999 година*



МЦМС во 1999 година вкупно броеше 29 Е.П.Р.В (еквиваленти на полно работно време) за разлика од 16 Е.П.Р.В. во 1998 година. На крајот на годината МЦМС има 43 соработници, односно го зголеми бројот на соработници од 18 на 43.

Од вкупниот број соработници, 16 се во работен однос на неопределено време, 24 се во работен однос на определено време (од кои 45 се поврзани со ПИО), а на договор на дело се 5 соработници.

Во 1999 година, МЦМС го напуштија Луција Поповска, раководител на Групата за граѓанско општество, која беше заменета од Сунчица Саздовска. МЦМС го напуштија и Горан Булдиоски, од Групата за граѓанско општество и Љупчо Кочовски, од Групата за развој, а се приклучија повеќе нови соработници меѓу кои и Газменд Кадриу, во Групата за вработување и Крешник Ајдини, во Групата за информации.

За спроведување на програмата Обновување на животот во Косово, во канцеларијата на МЦМС во Ѓаковица, покрај трите лица што беа ангажирани од Македонија, персоналот се надополни со 21 вработен од локалното население.

Спроведен е еден скроен курс и тоа за фацилитација и обука во март 1999 година. Курсот го спроведоа МДФ (Управување за развојни фондации), Еде, Холандија.

ИЗВРШНА КАНЦЕЛАРИЈА

PRICEWATERHOUSECOOPERS

PricewaterhouseCoopers
ul. Marshal Tito 12,
"Palata Makedonija" IV floor
PO Box 355
91000 Skopje
Republic of Macedonia
Telephone +389 (091) 116 638
+389 (091) 111 012
+389 (091) 110 623
Facsimile +389 (091) 116 525

НЕЗАВИСНО РЕВИЗОРСКО МИСЛЕЊЕ

До Македонски центар за Меѓународна Соработка
Хуманитарна Асоцијација - Скопје

1. Извршивме економско-финансиска ревизија на консолидираниот биланс на состојба на Македонски Центар за Меѓународна Соработка Хуманитарна Асоцијација - Скопје за годината завршена на 31 Декември 1999 и 1998 година и на соодветните извештаи за приходите и расходите и паричниот тек, прикажани на страните од 2 до 16. Одговорноста за овие финансиски извештаи е на раководството на МЦМС. Нашата обврска е да изразиме мислење за овие финансиски извештаи базирано на нашето испитување.

2. Економско-финансиска ревизија ја извршивме во согласност со Меѓународните Стандарди на Ревизијата. Овие стандарди бараат ние да ја планираме и извршуваме ревизијата со цел да добиеме доволно сигурност дека финансиските извештаи не содржат материјално значајни грешки. Економско-финансиската ревизија вклучува испитување докази што ги поткрепуваат износите и прилозите во финансиските извештаи, врз основа на тестирање. Економско-финансиската ревизија исто така вклучува оценка на користените сметководствени принципи и значајни проценки направени од раководството, како и проценка на презентацијата на финансиските извештаи. Ние веруваме дека ревизијата обезбедува доволна основа за нашето мислење.

3. Како што е објаснето во забелешката 13, ние немавме на располагање доволно информации и заради тоа не бевме во состојба да се увериме дали износот од Ден. 108.737.000 кој се однесува на потрошени средства за социјално - хуманитарни цели за програмата Обновување на животот на Косово, е реално и објективно прикажан во билансот на приходи и расходи.


4. Според наше мислење, освен забелешките наведени во точка 3, финансиските извештаи во сите материјални аспекти реално и објективно ја прикажуваат финансиската состојба на Македонски Центар за Меѓународна Соработка Хуманитарна Асоцијација - Скопје на ден 31 Декември 1999 и 1998 година, билансот на приходите и расходите и паричниот тек, подготвени во согласност со Меѓународните Сметководствени Стандарди.

PricewaterhouseCoopers
Скопје

3 Мај 2000

PricewaterhouseCoopers





ФИНАНСИСКИ

ОДГОВОРНОСТ ЗА ПОДГОТОВКА НА ФИНАНСИСКИОТ ИЗВЕШТАЈ

Извршниот директор е обврзан со актите на МЦМС (член 45 од Правилникот за финансиско работење, дел. број 01 - 54 / 1 - 1997 и член 23 од Правилникот за водење сметководство, дел. број 01-108/2-1995), да го подготви Финансискиот извештај кој дава објективен и реален преглед на состојбата на работите на МЦМС на крајот на секоја финансиска година.

Тој е исто така одговорен за внатрешната финансиска контрола, за чување на средствата на МЦМС и за превенција и откривање на злоупотребата и другите нерегуларности.

Во подготовката на овој финансиски извештај, Извршниот директор има осигурено дека е употребувана и постојано применувана соодветна сметководствена политика, дека се следени применливите сметководствени стандарди и дека се направени разумни и умни судови.

Сашо Клековски
ИЗВРШЕН ДИРЕКТОР

ИЗВОРИ НА ПОДДРШКА НА МЦМС



КАКО МЦМС ЈА УПОТРЕБИ ПОДДРШКАТА



КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА СОСТОЈБАТА
на ден 31 декември

(износите се во илјади македонски денари - МКД, 100 ДЕМ = 3092.4812 МКД)

Опис	Заб.	1999	1998
А. СРЕДСТВА			
Постојани средства			
Основни средства	2	40.047	20.614
Нематеријални вложувања	3	350	350
Обновливи фондови	4	5.271	9.306
Непокриени расходи	5	119.944	0
Вкупно постојани средства		165.612	30.270
Обртни средства			
Парични средства	6	62.420	8.459
Залихи	7	357	360
Аванси	8	3.904	462
Побарувања од купувачите	9	625	8
Краткорочни финан. побарувања	10	5.181	12.595
Други краткорочни побарувања	11	7.761	4.680
Останати побарувања	12	64	73
Вкупно обртни средства		80.313	26.636
Активни временски разграничувања		2.239	2.239
Вкупно активни времен. разгран.		2.239	2.239
Вкупно средства		**248.165**	**59.145**
Б. ОБВРСКИ			
Краткорочни обврски			
Обврски спрема добавувачите	14	8.293	4.331
Други краткорочни обврски	15	3.467	2.568
Вкупно краткорочни обврски		11.760	2.568
Долгорочни финансиски обврски	16	6.387	6.387
Вкупно долг. финансиски обврски		6.387	6.387
Пасивни временски разграничувања	17	192.646	9.838
Вкупно пасивни времен. разгран.		192.646	9.838
Вкупно Обврски		**210.793**	**18.793**
Фондови и резерви			
Фондови	18	36.021	33.806
Ревалоризирана резерва	18	1.351	2.215
Вкупно фондови и резерви		37.372	36.021

КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ
за годината завршена на 31 декември

(износите се во илјади македонски денари - МКД, 100 ДЕМ = 3092.4812 МКД)

Опис	Заб.	1999	1998
А. ПРИХОДИ			
Донации и грантови	19		
Конзорциум за Македонија			
CordAid		6.875	6.866
Christian Aid, CAID		2.580	683
Danchurch Aid, DCA		10.429	5.195
Europe Desk, ED		274	2.133
Swiss Interchurc Aid, HEKS		1.922	0
Interchurc Org. for Develop. Coop., ICCO		20.633	21.266
Dutc Interchurc Aid, DIA		0	656
Вкупно Конзорциум за Македонија		42.713	36.799
ACT			
CAID & ACT/CAID		76.462	0
DCA		116.583	0
ED		1.972	0
ACT/CSA		6.797	0
ACT/DIA		65.924	0
DW & ACT/DW		226.242	0
DA & ACT/DA		20.537	0
ACT/FCA		12.592	0
HIA		18.196	0
HEKS & ACT/HEKS		20.567	0
ACT/LWR		14.282	0
NCA & ACT/NCA		60.617	0
ACT/NCCA		3.359	0
ACT/PCUSA		28.482	0
ACT/UCC		1.003	0
Останати донации		17	0
Вкупно ACT		673.632	0
Останати партнери			
Caritas - Германија		35.645	0
Caritas - Австрија		2.889	0
Жените на Европа		601	0
ICNL		62	0
LWF		3.952	0
Макпетрол		375	0
Вкупно останати партнери		43.524	0
Владини и меѓувладини организации			
UNHCR		15.579	0
PHARE Partnership Programme		1.205	0
ECHO / DCA		4.537	0
DFID		402	0
Мини. за одбрана на Р. Бугарија		481	0
Останати владини и меѓувладини орг.		0	9.369
Вкупно владини и меѓувладини орг.		22.204	9.369
Вкупно донации и грантови		**782.073**	**46.168**
Камати	20	1.907	2.054
Позитивни курсни разлики	21	5.231	1.885
Вонредни приходи	22	286	833
Сопствени приходи	23	2.992	520
Вкупно приходи		**792.490**	**51.460**

КОНСОЛИДИРАН БИЛАНС НА ПРИХОДИТЕ И РАСХОДИТЕ
за годината завршена на 31 декември

(износите се во илјади македонски денари - МКД, 100 ДЕМ = 3092.4812 МКД)

Опис	Заб.	1999	1998
Б. РАСХОДИ			
Класификација по категории			
Добротворни расходи			
План за итни опер. При. Македонија	24	588.978	0
Програма Посткризна рехабилита.	25	76.774	0
Програма Водоснаб. на селата	26	13.315	19.702
Програма Основно и здрав. образ.	27	1.294	6.725
Програма Достоин. на хендикепирани	28	0	790
Програма Јакнење на НВО	29	0	349
Програма за поттик. на вработув.		0	55
Програма Јакнење на НВО	30	38	6.470
Програма Обнов. на животот во Косово	31	190.442	0
Вкупно добротворни расходи		870.843	34.091
Набавна вредност	32	613	1.584
Вкупно набавна вредност		613	1.584
Оперативни расходи			
Информации и публикации	33	981	1.206
Оперативни расходи	34	39.997	22.229
Вкупно оперативни расходи		40.979	23.435
Вкупно расходи		**912.434**	**59.110**
Функционална класификација	35		
План за итни опер. При. Македонија		691.958	
Програма Водоснаб. на селата		14.365	
Програма Основно и здрав		1.490	
Програма за поттик. на вработув.		0	
Микро и мали претпријатија		2.180	
Програма Пов. на прет.Скопје-Солун		2.037	
Програма Јакнење на НВО		842	
Програма Јакнење на женските НВО		110	
Програма Цело е кога има се		47	
Програма Обнов. на живот. во Косово		199.405	
Консултанстски услуги (КУС)		0	
ВКУПНО РАСХОДИ		912.434	
БИЛАНС		-119.944	-7.650

З А Б Е Л Е Ш К И

ЗАБ.1: РЕЗИМЕ НА СМЕТКОВОДСТВЕНАТА ПОЛИТИКА

а) Основа за подготовка

Финансискиот извештај на МЦМС е подготвен во согласност со законските стандарди во Македонија и со стандардите издадени од Комитетот за меѓународни сметководствени стандарди.

Финансискиот извештај е изготвен во согласност со концептот на набавната цена.

Основите на сметководствената политика се уредени со следниве акти на МЦМС: Правилник за водење на сметководството бр. 01-108/2-1995; Уредба за водење на сметководството бр. 05-110/2-1995; Уредба за начинот и роковите за вршење попис и усогласување на сметководствената со стварната состојба, бр. 05-112/1-1995; Уредба за начинот и постапката за пресметување на амортизацијата и нематеријалните вложувања бр. 05-111/3-1995, Аналитички контен план на МЦМС бр. 05-482/1-1997 и Упатството за содржина на одредени конта во контниот план, бр. 01-482/2-1997.

б) Консолидација

Финансискиот извештај се однесува на МЦМС и на Конзорциумот за Македонија. МЦМС не управува со Конзорциумот за Македонија, меѓутоа средствата на Конзорциумот се резервирани за МЦМС.

в) Основни средства

Основните средства се ревалоризираат периодично во текот на годината со промена на официјалните коефициенти за ревалоризација, засновани на стапката за порастот на цените на производителите на индустриските производи. Таквите коефициенти се применуваат на набавната или на ревалоризационата вредност и на исправката на вредноста. Ефектот на ревалоризацијата на основните средства се книжи во корист на ревалоризационата резерва.

Амортизацијата се пресметува почнувајќи од наредната година, на ревалоризираната вредност на основните средства утврдена на крајот од претходната година.

Применетиот коефициент за ревалоризација на основните средства, набавени во поранешните години, изнесува 0.00%.

Набавките на основните средства во текот на годината се евидентираат по набавна вредност. Набавната вредност претставува фактурна вредност на набавените основни средства, зголемена за сите трошоци настанати до нивното ставање во употреба.

Амортизацијата на основните средства се пресметува по стапки, не пониски од стапките пропишани со закон, кои се одредени така што набавната или ревалоризираната вредност на основните средства да се амотризира во еднакви годишни износи во текот на предвидениот век на употреба на основните средства. Пропишаните стапки на амортизација што се во примена се:

Згради	4%
Мебел и опрема	11-20%
Возила	16% и 25%

г) Грантови за основните средства

МЦМС одобрува грантови за колективните членови и другите НВО за набавка на основни средства за нивните потреби. Одредени основни средства остануваат сопственост на МЦМС, но истите се сметани како расходи на МЦМС и не се вклучени во постојаните средства во билансот на состојбата, бидејќи суштинската сопственост е со НВО.

д) Приходи и расходи од продажба

Приходите и расходите од продажба на основните средства се вклучени во билансот на приходите и расходите, како сопствени приходи.

ѓ) Фондовско сметководство

МЦМС ги следи процедурите на фондовското сметководство со кое изворите за различни цели (програми, проекти) се класифицирани во согласност со специфичните цели, задачи и активности.

Ова се прави во согласност со регулативите, рестрикциите и ограничувањата, побарани од партнерите (донаторите) или во согласност со насоките и одлуките на Советот и Управниот одбор на МЦМС.

е) Донации

Донациите доделени за програмата и оперативните расходи во извештајот се вклучени во приходите.

Донациите во 1999 година се специфично ограничени, во согласност со регулативите побарани од донаторите или во согласност со насоките и одлуките на Управниот одбор.

ж) Локално мобилизирани средства

МЦМС мобилизира локални средства што не се предмет на сметководството на МЦМС, но се круцијални за успехот на МЦМС.

з) Добротворни трошоци

Добротворните трошоци ги вклучуваат трошоците за поддршка на проектите и обуката, пренесени на корисниците, односно не вклучувајќи ги оперативните трошоци.

ѕ) Оперативни трошоци

Оперативните трошоци ги вклучуваат трошоците направени од МЦМС за спроведување на редовните активности, и тоа: трошоци за персонал, консултантски и експертски услуги, дневни трошоци, транспорт, комуникации и општи трошоци (работа на раководството, меѓународна соработка, стручно усовршување и други).

Во оперативните трошоци се издвоени одделно трошоците направени за Информации и публикации.

и) Централно административни и финансиски услуги (ЦАФУ)

ЦАФУ ги вклучуваат платите и трошоците на централното раководство и административниот и финансиски персонал и соодветен дел од оперативните трошоци.

ј) Функционални трошоци

Функционалната класификација на трошоците ги вклучува добротворните, оперативните и индиректните трошоци по програми.

к) Пензиски план

Ниту еден формален или неформален пензиски план не е во функција во МЦМС. Владата на Македонија е одговорна за пензискиот фонд. МЦМС регуларно придонесува кон националниот фонд за пензиско и инвалидско осигурување.

л) Курсни разлики

МЦМС го прима најголемиот дел од фондовите во германски марки (ДЕМ), додека најголемиот дел од трошоците се остварувааt во македонски денари (МКД). Фукционалните валути се ДЕМ и МКД. Сметководствените белешки се водат во МКД и делумно во ДЕМ.

За целите на известувањето се употребува македонскиот денар (МКД).

Трансакциите направени во странски средства на плаќање се пресметуваат во де-нари по курсот кој важел на денот на билансот на состојбата. Курсните разлики настанати во текот на годината се искажуваат во билансот на успехот како приходи или расходи.

Листа на курсните рати за МКД на 31 декември

Земја	Валута		1999	1998	1997
ЕМУ	EUR	1	60.7992		
Германија	DM	100	3099.3136	3098.3709	3092.4812
Холандија	NLG	100	2750.6910	2749.9591	2744.2369
Швајцарија	SFR	100	3776.5438	3796.7437	3811.4831
В. Британија	GBP	1	97.5025	87.1107	92.2178
САД	USD	1	60.3397	51.9008	55.4204
Данска	DKK	100	814.3875	813.7871	811.6526

ЗАБ.2: ОСНОВНИ СРЕДСТВА

Опис	Згради	Возила	Опрема и мебел	Средства во подгот.	Вкупно
Набавна вредност					
Состојба на 1 јануари	16.264	4.017	9.767	132	30.180
Зголемување	0	14.567	7.707	0	22.274
Реваloризација	683	511	716	0	1.910
Состојба на 31 декември	16.947	19.095	18.190	132	54.364
Исправка на вредноста					
Состојба на 1 јануари	1.463	3.434	4.669	0	9.566
Амортизација и ревалориз.	739	1.467	2.413	0	4.619
Осн. сред. отуѓени во 1997	0	0	0	0	0
Состојба на 31 декември	2.202	4.901	7.082	0	14.185
Сегашна вредност					
На 1 јануари	14.801	583	5.098	132	20.614
На 31 декември	14.745	14.194	11.108	0	40.047

Зголемувањето на вредноста на основните средства е резултат од набавките (или донациите) на опрема за спроведување на итните операции: 10 теренски возила, опрема за магацинско работење, сателитски телефони и канцелариска опрема и мебел. Детали за извршените набавки може да се добијат во Извештај за набавки на основни средства бр. 05-346/1-2000.

ЗАБ.3: НЕМАТЕРИЈАЛНИ ВЛОЖУВАЊА

Опис	1999	1998
Основачки влог МРФП	350.000	350.000
Вкупно нематеријални вложувања	350.000	350.000

МЦМС е основач на Македонската развојна фондација за претпријатија. Основачкиот влог на МРФП изнесува 350.000 МКД.

ЗАБ.4: НЕПОКРИЕНИ РАСХОДИ

Непокриените расходи се настанати од повеќе причини. Прва и најзначајна е системот на дознака на АСТ. Тоа е доволно МЦМС да започне да спроведува проект, но не е формален документ кој може да биде употребен во сметководството. Втора причина е дека дел од приходите се обезбедени во 2000 година. Така, всушност непокриените расходи ќе се покријат со средства дозначени во 1999 година, а ќе се добијат во 2000 година. На овој начин во 2000 година ќе бидат обезбедени средства од Diakonisches Werk во износ од 1,415,000 ДЕМ, Diakonie Austria - 533,000 ДЕМ и други.

ЗАБ.5: ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ ОБВРСКИ

	Опис	1999	1998
941	ДЦА	1.294.830	1.294.830
941	ИЦЦО	1.995.750	1.995.750
941	ДИА	692.680	692.680
941	ОИКОС БАНК	2.404.065	2.404.065
	ВКУПНО (вкл. останато)	**6.387.325**	**6.387.325**

Долгорочните обврски се однесуваат на долгорочните заеми за купување на седиштето на МЦМС. Заемот од DCA, ICCO, DIA и CAID во вкупен износ од 7,314,000 МКД (Договор бр. 11-67/12-1996) е со период на исплата од пет години. Заемот ќе се враќа во 11 еднакви рати, од кои 3 во првата година (1997), а по две во наредните четири години. Заемот е бескаматен.
Редоследот на враќање е 1997 - CAID, DIA; 1998 - DIA, ICCO; 1999 - DCA, ICCO; 2000 - CAID, DIA; 2001-ICCO, ICCO. Редоследот на враќање е утврден на 2. редовна средба на Конзорциумот (Записник бр. 13-609/3-1996). Заемот ќе се враќа со ангажирање на достасаните рати во програмските фондови.
Заемот од Oikos Bank, Данска, во вкупен износ од 3,414,000 МКД, е со период на исплата од пет години. Заемот ќе се враќа во 5 еднакви рати. Заемот е со камата од 4 % годишно. Во 1999 година не е извршено отплаќање на обврските и истите се пренесени во 2000 година.

ЗАБ.6: ФОНДОВИ И РЕЗЕРВИ

Опис	1999	1998
Состојба на 1 јануари	36.021	33.806
Ревалоризациона резерва	1.351	2.215
Состојба на 31 декември	37.372	36.021

Фондовите се рестриктирани и нерестриктирани, при што за секоја програма се води посебен фонд. Во програмските фондови одвоено се класифицираат средствата за грантови и обновливите фондови. Посебен фонд се основните средства.

Опис	Состојба 1 јан.	Приходи	Расходи	Интер фонд	Состојба 31 дек.
Рестриктирани					
ПИО/ПРМ	0	589.264	691.957	0	102.693
ПВС	0	22.312	14.365	0	7.947
ОЗО	0	3.870	1.490	0	2.380
ППВ,ПСИ,ПДХ	23.645	0	0	0	23.645
МРФП	0	2.681	2.179	0	501
ПСС	0	1.205	2.037	0	-831
ПЈН,ДИО	-3.020	1.627	841.864	0	2.235
ЈЖЗ	0	2.579	110.137	0	2.469
ЦКС	0	0	-46.796	0	-46
ОЖК	0	159.514	199.405	0	39.890
Вкупно	**20.624**	**783.055**	**912.433**	**0**	**108.753**
Нерестриктирани					
Тековни прог. резерви	1.096	9.059	0	0	10.155
Информации	-1.953	0	0	0	1.953
Административен фонд	333	0	0	0	333
Фонд за зграда	0	0	0	0	0
Тековни адм. резерви	333	0	0	0	333
Основни средства	13.704	374	0	0	14.078
Вкупно	**13.181**	**9.433**	**0**	**0**	**22.615**
Ревалоризациона резерва	2.215	1.351	0	0	3.566
ВКУПНО	**36.021**	**793.840**	**912.433**	**0**	**82.572**
Фондови и резерви	36.021				37.372
Непокриени расходи	0				119.944

Во анализата на движењата на фондовите е прикажана почетната состојба, приходите и расходите, меѓуфондовските движења и крајната состојба. За начинот на распределба на приходите види ја забелешката 19. Расходите за фондовите се вкупните индиректни и директни расходи. За начинот на распределба види ја забелешката 35. Интерфонд, односно меѓуфондовските движења се трајни и привремени трансфери. Трајни трансфери се направени од нерестриктираните фондови во рестриктираните фондови, со што првите се затвораат.

ЗАБ.7: ПРИХОДИ И НИВНАТА РАСПРЕДЕЛБА ЗА 1999 ГОДИНА

